# ПРОТОКОЛ

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД КОВИД-19 ВО СУДОВИТЕ

Протоколот е донесен од страна на Здружението на судиите на Република Северна Македонија, има советодавен карактер и има за цел да им помогне на претседателите на судовите во секојдневното работење. Истиот се однесува на судиите и останатите вработени во судовите, на сите странки и други учесници во судските постапки, а ќе се применува сè до престанокот на пандемијата предзвикана од вирусот КОВИД-19.

### ТЕЛЕСНА ТЕМПЕРАТУРА

На секое лице на кое при влегување во судската зграда ќе му се измери телесна температура над 37.3° С, влезот не му е дозволен.

### ЗАШТИТНА МАСКА

Носењето на хигиенска заштитна маска, прописно поставена на лицето е задолжително за сите кои се наоѓаат во која било просторија во судската зграда.

### СОЦИЈАЛНА ДИСТАНЦА

2m

Во сите простории на судската зграда задолжително е одржување на социјална дистанца односно држење растојание од најмалку 2 метри помеѓу две лица.

### СРЕДСТВА ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА

На влезовите во судската зграда и судниците се поставуваат средства за дезинфекција кои содржат најмалку 70% алкохол, со назнака за задолжително дезинфицирање на рацете и чевлите.

### ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИЈА

Се охрабруваат странките доколку за тоа имаат технички услови да ги користат судските ВЕБ портали, каде ќе се регистрираат и своите поднесоци ќе ги доставуваат по електронски пат или по пошта.

### ПРОВЕТРУВАЊЕ И ДЕЗИНФЕКЦИЈА

Задолжително е континуирано проветрување на сите простории по природен пат (со отварање на прозорците) и дезинфекција на работните површини со средства за дезинфекција.

### 1. ВЛЕЗ ВО СУДСКАТА ЗГРАДА

- задолжително држење растојание кое мора да изнесува најмалку 2 метри помеѓу две лица;
- задолжителна дезинфекција на рацете од апарат поставен на влезот на зградата;
- задолжително носење хигиенска заштитна маска, прописно поставена на лицето;
- задолжително мерење на телесната температурата со бесконтактен топломер;
- задолжително поминување на безбедносен преглед преку детектор за метал;
- задолжително пријавување кај судската полиција со документ за лична идентификација;

### 2. ЧЕКАЛНИ, ХОДНИЦИ, СКАЛИ И ЛИФТОВИ

- задолжително држење растојание кое мора да изнесува најмалку 2 метри помеѓу две лица;
- задолжително носење хигиенска заштитна маска, прописно поставена на лицето;
- задолжително користење на лифтовите со намален капацитет (најмногу до две лица);
- задолжително проветрување на просториите по природен пат и дезинфекција на работните површини;

### 3. ПИСАРНИЦИ И ПРИЕМНИ ОДДЕЛЕНИЈА

- задолжително носење хигиенска заштитна маска, прописно поставена на лицето;
- бројот на странките треба да биде усогласен со големината и капацитетот на просториите, со што ќе се овозможи држење растојание кое мора да изнесува најмалку 2 метри помеѓу две лица;
- се забранува непотребно влегување и задржување на шалтерите во писарниците и приемните одделенија доколку тоа не е потребно;
- задолжително проветрување на просториите по природен пат и дезинфекција на работните површини;

### 4.СУДНИЦИ

- задолжителна дезинфекција на рацете од апарат поставен на влезот во судницата;
- задолжително носење хигиенска заштитна маска, прописно поставена на лицето;
- задолжително проветрување на судниците за време или по завршувањето на секое судење, по природен пат и дезинфекција на работните површини;
- бројот на странките треба да биде усогласен со големината и капацитетот на судницата, со што ќе се овозможи држење растојание кое мора да изнесува најмалку 2 метри помеѓу две лица;
- се забранува влегување и задржување на странките во судницата доколку претходно не бидат повикани и доколку тоа не е потребно;
- влегувањето на странките на закажаните рочишта и главни расправи ќе се спроведува по приоритет и неопходност за присуство на судењето, а предност ќе имаат странките во постапката, нивните полномошници, како и другите лица кои што се повикани со судска покана;
- за присуство на останати лица во судниците, а во врска со примената на мерките за заштита, одлучува судечкиот судија, односно советот кој постапува по предметот;
- по завршување на расправите, странките се должни веднаш да ја напуштат судницата и судската зграда, односно да го ограничат престојот на неопходниот минимум;

### 5. КАНЦЕЛАРИИ И КАБИНЕТИ

- задолжително носење хигиенска заштитна маска, прописно поставена на лицето доколку во просторијата се наоѓаат повеќе од две лица;
- задолжително држење растојание кое мора да изнесува најмалку 2 метри помеѓу две лица;
- задолжително проветрување на просториите по природен пат и дезинфекција на работните површини;
- се забранува влегување и задржување на странките во овие простории доколку претходно не бидат повикани и доколку тоа не е потребно;

### 6.САНИТАРИИ

- при користењето на санитарните јазли за странките кои што доаѓаат во судската зграда, се одредува еден тоалет, кој треба да се наоѓа во приземјето или во неговата непосредна близина;
- задолжително проветрување на просториите по природен пат и дезинфекција на санитарните површини;

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа Мисија во Скопје

ЗДРУЖЕНИЕ НА СУДИИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА